**20130691493**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

Врз основа на член 16 став (5) и член 17-г став (6) од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 06/12, 24/12 и 15/13), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СЕЛЕКТИРАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРИЈАВАТА ЗА ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВЕН СЛУЖБЕНИК

Член 1

(1) Во Правилникот за начинот на селектирање и вработување на државните службеници и за формата и содржината на пријавата за интерен оглас за вработување на државен службеник („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/11, 27/11 и 182/11), во член 2 во ставот (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка, се додаваат зборовите „кое содржи:“ и се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

„- Назив на работното место кое се огласува, звањето, организационата единица (одделение/сектор) во која е утврдено работното место, бројот на извршители и посебните услови за работното место;

- Номинација на лица за претседател и член на Комисијата за селекција на државен службеник и нивни заменици, при што се обезбедува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;

- Назнака во кои два дневни весника ќе биде објавен огласот (еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик); и

- Рок за пријавување на јавниот оглас.“

(2) По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„ (2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува:

- известувањето од Министерството за финансии, односно Градоначалникот на општината, односно Градот Скопје за обезбедени финансиски средства за ново вработување во тековната фискална година;

- извадок од Правилникот за систематизација на работните места со опис на работното место кое се огласува;

- потпишани изјави за обезбедување на тајност и заштита на обработка на личните податоци, на членовите на комисијата за селекција на државен службеник; и

- решенија за овластување за вршење на обработка на лични податоци на членовите на комисијата за селекција на државен службеник од страна на органот каде што се вработени;“

(3) Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Врз основа на барањето од став (1) на овој член, од страна на Агенцијата за администрација (во натамошниот текст: Агенција), се објавува јавен оглас кој содржи:

- основ за објавување на јавниот оглас;

- број на јавниот оглас;

- назив на органот за чии потреби се објавува;

- звање и работно место кое се огласува;
- број на извршители;
- општи и посебни услови за работното место;
- почетокот и завршетокот на дневното и неделното работно време;
- распоредот на работното време;
- паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање;
- рок за доставување на пријава за вработување;
- напомена дека пријавите, доставени преку пошта, треба да бидат примени во писарницата на Агенцијата најдоцна до денот на завршување на рокот за пријавување на јавниот оглас;
- напомена дека условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето;
- напомена дека ненавремените и некомплетно пополнетите пријави нема да се разгледуваат;
- напомена дека со петте најуспешни кандидати за секое работно место, односно извршител, се спроведува интервју најдоцна седум дена по полагање на испитот;
- информација за начинот за пријавување.“

Член 2

Во член 3 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Пријавата од ставот (1) на овој член содржи:

1. Податоци за огласот:
- Број на јавниот оглас;
- Назив на органот; и
- Реден број на работно место за кое се пријавува.

2. Податоци за кандидатот:
- Име;
- Презиме;
- Припадност на заедница;
- Датум на раѓање;
- Пол;
- ЕМБГ;
- Адреса на живеење (улица и број и место);
- Контакт адреса (улица и број и место);
- Контакт телефон (мобилен, фиксен);
- E-mail адреса.

3. Податоци за исполнување на општите услови:
- Државјанство на Република Македонија;
- Општа здравствена способност;
- Податоци за изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана за вршење на професија, дејност или должност.

4. Податоци за исполнување на посебните услови:
- Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС;
- Научна област или вид на образование;
- Насока на завршено образование;
- Држава на завршување на степенот на образование;
- Датум на дипломирање;
- Број на диплома;
- Назив на институцијата која ја издала дипломата;

- Просечна оценка за бараниот степен на образование;
- Датум и број на документот за нострификација (за дипломи стекнати во странство);
- Најниска преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство);
- Највисока преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство);
- Податоци за вкупно работно искуство во струката;
- Назив на институција во која е стекнато работното искуство во струката;
- Период во кој е стекнато работното искуство во струката (од ден, месец, година до ден, месец, година);
- Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места;
- Компјутерски вештини;
- Познавање странски јазици;
- Други податоци од интерес за работното место.

5. Изјава за потврда на веродостојноста на податоците содржани во пријавата, согласност за начинот на известување на кандидатот и напомена дека внесувањето на лажни податоци во пријавата значи дисквалификување на кандидатот.

6. Датум на пријавување и потпис на кандидатот.“

Член 3

По членот 16 насловот „ПСИХОЛОШКИ ТЕСТ И ТЕСТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ“ се брише.

Член 4

Член 17 се менува и гласи:

„(1) Комисијата спроведува структурирано интервју кое се вреднува до 30 бодови“

(2) Структурираното интервју од став (1) на овој член се спроведува во органот за чии потреби е објавен јавниот оглас, најдоцна седум дена од денот на завршувањето на испитот за државен службеник.“

Член 5

По членот 17 се додава нов наслов, кој гласи:

„ЕДИНСТВЕН ПСИХОЛОШКИ ТЕСТ, ОДНОСНО ТЕСТ БАТЕРИЈА“

Член 6

Член 18 се менува и гласи:

„Единствениот психолошки тест, односно тест батеријата се состои од 240 прашања, поделени во два подтеста, и тоа:
- Психолошки тест; и
- Тест за интегритет. “

Член 7

Член 19 се менува и гласи:

„ (1) Ранг-листата на тројцата најуспешни кандидати се доставува до секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар и до Агенцијата, а истата се објавува на интернет страницата на органот и интернет страницата на Агенцијата, најдоцна три дена од денот на спроведувањето на структурираното интервју.

(2) Ранг-листата од ставот (1) на овој член се доставува и до ангажираното лиценцирано стручно лице од независната акредитирана професионална институција (во натамошниот текст: ангажираното лиценцирано стручно лице ) по електронски пат.

(3) Кандидатите од ставот (1) на овој член се информираат за местото и времето на спроведувањето на единствениот психолошки тест, односно тест батеријата од страна на ангажираното лиценцирано стручно лице, по e-mail адреса, или SMS порака, наредниот ден од денот на добивањето на ранг-листата од ставот (1) на овој член."

Член 8

Член 20 се менува и гласи:

„(1) Единствениот психолошки тест, односно тест батеријата, се спроведува од страна на ангажираното лиценцирано стручно лице најдоцна два дена од денот на известување на кандидатите.

(2) Единствен психолошки тест, односно тест батерија се спроведува електронски со тоа што на секој од кандидатите му се обезбедува користење на корисничко име и лозинка, генерирани за секој кандидат поединечно.

(3) Времетраењето на единствениот психолошки тест, односно тест батеријата е два часа."

Член 9

Член 21 се менува и гласи:

„(1) Стручното мислење на ангажираното лиценцирано стручно лице од ставот (1) на овој член содржи проценка дека кандидатот е:

- Соодветен за работното место за кое се избира; или
- Несоодветен за работното место за кое се избира.

(2) Мислењето од спроведениот единствен психолошки тест, односно тест батерија се доставува до кандидатот и до органот за чиишто потреби се спроведува огласот најдоцна два дена од денот на спроведениот единствен психолошки тест, односно тест батерија."

Член 10

Член 22 се менува и гласи:

„(1) Трошоците за спроведување на единствениот психолошки тест, односно тест батеријата, кандидатот ги уплатува на сметка на ангажираното лиценцираното стручно лице до денот на спроведувањето на единствениот психолошки тест, односно тест батеријата.

(2) Доказот за извршената уплата, кандидатот го презентира пред почетокот на спроведувањето на единствениот психолошки тест, односно тест батеријата.

(3) На кандидатот кој нема да презентира доказ за извршена уплата на надоместокот од ставот (1) на овој член, нема да му биде дозволено полагање на единствениот психолошки тест, односно тест батеријата."

Член 11

(1) Во член 23 во ставот (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка, се додаваат зборовите „кое содржи:" и се додаваат три нови алинеи, кои гласат:

„- Назив на работното место кое се огласува, звањето, организационата единица (одделение/сектор) во која е утврдено работното место, бројот на извршители и посебните услови за работното место;

- Номинација на лица за претседател и член на Комисијата за селекција на државен службеник и нивни заменици, при што се обезбедува начелото на соодветна и правична застапеност на гр́аните кои припаѓаат на сите заедници;и

- Рок за пријавување на интерниот оглас.“

(2) По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува:

- известувањето од Министерството за финансии, односно Градоначалникот на општината, односно Градот Скопје за обезбедени финансиски средства за ново вработување во тековната фискална година;

- извадок од Правилникот за систематизација на работните места со опис на работното место кое се огласува;

- потпишани изјави за обезбедување на тајност и заштита на обработка на личните податоци како; и

- решение за овластување за вршење на обработка на лични податоци од страна на органот каде што се вработени.“

(3) Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Врз основа на барањето од став (1) на овој член, од страна на Агенцијата се објавува интерен оглас кој содржи:

- основ за објавување на интерниот оглас;

- број на огласот (број/година);

- назив на органот за чии потреби се објавува;

- звање и работно место кое се огласува;

- број на извршители;

- посебни услови за работното место, како и условите утврдени во член 17-д од Законот за државните службеници;

- почетокот и завршетокот на дневното и неделното работно време;

- распоредот на работното време;

- паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање;

- рок за доставување на пријава за вработување;

- напомена дека условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето;

- напомена дека ненавремените и некомплетно пополнетите пријави нема да се разгледуваат;

- напомена дека со уредните кандидати се спроведува интервју; и

- информација за начинот за пријавување.“

Член 12

Во член 24 ставот (2), се менува и гласи:

„(2) Пријавата од ставот (1) на овој член содржи:

1. Податоци за огласот:

- Број на интерен оглас;

- Назив на органот; и

- Реден број на работно место за кое се пријавува.

2. Податоци за кандидатот:

- Име;

- Презиме;

- Припадност на заедница;

- Датум на раѓање;

- Пол;

- ЕМБГ;

- Адреса на живеење (улица и број и место);

- Контакт адреса (улица и број и место);

- Контакт телефон (мобилен, фиксен);
- E-mail адреса.

3. Податоци за исполнување на посебните услови:

- Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС;
- Научна област или вид на образование;
- Насока на завршено образование;
- Држава на завршување на степенот на образование;
- Датум на дипломирање;
- Број на диплома;
- Назив на институцијата која ја издала дипломата;
- Просечна оценка за бараниот степен на образование;
- Датум и број на документот за нострификација (за дипломи стекнати во странство);
- Најниска преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство);
- Највисока преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство);
- Податоци за вкупно работно искуство во струката;
- Назив на институција во која е стекнато работното искуство во струката;
- Период во кој е стекнато работното искуство во струката (од ден, месец, година до ден, месец, година);
- Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места;
- Компјутерски вештини;
- Познавање странски јазици;
- Други податоци од интерес за работното место.

4. Податоци за оценувањето на државниот службеник во последната година пред објавување на интерниот оглас;
5. Податоци за времето кое државниот службеник го поминал во непосредно пониско звање пред објавувањето на интерниот оглас;
6. Податоци за изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас;
7. Изјава за потврда на веродостојноста на податоците содржани во пријавата, согласност за начинот на известување на кандидатот и напомена дека внесувањето на лажни податоци во пријавата значи дисквалификување на кандидатот и
8. Датум на пријавување и потпис на кандидатот.“

Член 13

(1) Пријавата за вработување на државен службеник преку јавен оглас со упатство за пополнување се заменува со нова Пријава за вработување на државен службеник преку јавен оглас со упатство за пополнување, која е дадена во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

(2) Пријавата за вработување на државен службеник преку интерен оглас со упатство за пополнување се заменува со нова Пријава за вработување на државен службеник преку интерен оглас со упатство за пополнување, која е дадена во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

(3) Во Програмата за полагање на испит за државен службеник која е дадена во Прилог бр. 3 од овој правилник, обласата IX се брише.

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 14/2 - 1408/1
9 мај 2013 година
Скопје

Министер,
м-р **Иво Ивановски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**

ПРИЈАВА
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВЕН СЛУЖБЕНИК (Јавен оглас)**

1. Податоци за огласот:
- Број на јавниот оглас ______________________
- Назив на органот ______________________
- Реден број на работно место за кое се пријавува ______________________

2. Податоци за кандидатот:
- Име ______________________
- Презиме ______________________
- Припадност на заедница ______________________
- Датум на раѓање [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]
- Пол М Ж
- ЕМБГ [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]
- Адреса на живеење
  - улица и број ______________________
  - место ______________________
- Контакт адреса
  - улица и број ______________________
  - место ______________________
- Контакт телефон Мобилен: [ ] / [ ] Фиксен: [ ] / [ ]
- E-mail адреса [ ] @ [ ]

3. Податоци за исполнување на општите услови:
- Дали сте државјанин на Република Македонија? Да Не
- Дали имате општа здравствена способност? Да Не
- Дали ви е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана за вршење на професија, дејност или должност? Да Не

4. Податоци за исполнување на посебните услови:
- Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС IV VI VII/1 VII/2 VIII 180 240 300
- Научна област или вид на образование ______________________
- Насока на завршено образование ______________________
- Држава на завршување на степенот на образование ______________________
- Датум на дипломирање ______________________
- Број на диплома ______________________
- Назив на институцијата која ја издала дипломата ______________________
- Просечна оценка за бараниот степен на образование ______________________

*Пополнуваат само кандидатите кои го завршиле своето образование во странство*
- [ ] Датум и број на документот за нострификација (за дипломи стекнати во странство) ______________________
- [ ] Најниска преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство) ______________________
- [ ] Највисока преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство) ______________________

- Податоци за вкупно работно искуство во струката: _______години ________месеци

Назив на институција во која е стекнато работното искуство во струката

Период во кој е стекнато работното искуство во струката (**од ден, месец, година до ден, месец, година**):

- Назив: ______________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив: ______________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив: ______________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив: ______________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив: ______________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив: ______________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)

- Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места ______________________
- Компјутерски вештини ______________________
- Познавање странски јазици ______________________
- Други податоци од интерес за работното место:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

5. Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар. Доколку во пријавата се пополнети податоците за e-mail адреса или/и мобилен телефон се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail адреса или преку SMS порака на доставениот мобилен телефон.

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

ДАТУМ НА ПРИЈАВУВАЊЕ ______________________

ПОТПИС НА КАНДИДАТОТ ______________________

**ПРИЛОГ 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**

***Упатство за пополнување на пријавата за вработување на државен службеник (јавен оглас)***

1. Податоци за огласот:

- Број на јавниот оглас **03/2013**
  *(Се впишува бројот на огласот)*
- Назив на органот **Министерство за култура**
  *(Се впишува целосниот назив на органот за кој се објавува огласот)*
- Реден број на работно место за кое се пријавува **2, 4, 5**
  *(Се впишува редниот број на местото(а) според огласот за кое(и) конкурира кандидатот)*

2. Податоци за кандидатот:

*(Во овој дел се впишуваат податоци од **лична карта** до делот контакт адреса)*

- Име **Маја**
- Презиме **Петковска**
- Припадност на заедница **Македонец(ка)**
- Датум на раѓање
  *(Датумот на раѓање се впишува со форма **дд,мм,гггг**)*
- Пол М (Ж)
  *(Се заокружува полот на кандидатот)*
- ЕМБГ
  *(Во полињата се впишува единствениот матичен број)*
- Адреса на живеење
  - улица и број **Бул. Христо Батанџиев бр. 15–2/25**
  - место **Скопје**
- Контакт адреса *(Адреса на којашто ќе се испраќаат известувањата)*
  - улица и број **Ул. Димо Наредникo бр. 28/5**
  - место **Прилеп**
- Контакт телефон Мобилен: **079** / **350-387** Фиксен: **02** / **4028-659**
- E-mail адреса **imeprezime** @ **ymail.com**

3. Податоци за исполнување на општите услови: *(Се заокружуваат вистинитите одговори)*

- Дали сте државјанин на Република Македонија? (Да) Не
- Дали имате општа здравствена способност? (Да) Не
- Дали ви е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана за Вршење на професија, дејност или должност? Да (Не)

4. Податоци за исполнување на посебните услови:

- Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС IV VI (VII/1) VII/2 VIII 180 240 300
  *(Се заокружува завршениот степен на образование)*
- Научна област или вид на образование **Хуманистички науки или Филолошки факултет**
  *(Се впишува научната област и институцијата каде што е завршено образованието)*
- Насока на завршено образование **Преведување и толкување - Англиски јазик**
  *(Се впишува насоката на којашто завршил кандидатот)*
- Држава на завршување на степенот на образование **Македонија**
  *(Се впишува државата каде кандидатот го завршил образованието)*
- Датум на дипломирање **12.04.2001**
  *(Се впишува датумот од дипломата/уверението за завршено образование)*
- Број на диплома **ФлФ 356/2001**
  *(Се впишува бројот од дипломата/уверението за завршено образование)*
- Назив на институцијата која ја издала дипломата
  **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
  *(Се впишува називот на институцијата која ја издала дипломата/уверението за завршено образование)*

- Просечна оценка за бараниот степен на образование 7,69

*(Се впишува просекот со две децимали (XX,УУ); доколку кандидатот завршил во друга држава го внесува просекот од државата каде што завршил)*

*Пополнуваат само кандидатите кои го завршиле своето образование во странство:*
- Датум и број на документот за нострификација (за дипломи стекнати во странство): 15.09.2004 Т-123455-12345
- Најниска преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство) 2
- Највисока преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство) 6

*(На пример Р. Бугарија најниска преодна е 2, а највисока преодна е 6)*

- Податоци за вкупно работно искуство во струката: 7 години 1 месеци

*(Се внесува вкупното работно искуство во струката)*

| Назив на институција во која е стекнато работното искуство во струката | Период во кој е стекнато работното искуство во струката (**од ден, месец, година - ден, месец, година**): |
|---|---|
| - Назив: ЈОУДГ „Гоце Делчев“ | Период: (01.02.2006)-(31.05.2008) |
| - Назив: ЈОУДГ „8-ми Март“ | Период: (01.06.2008)-(31.03.2013) |
| - Назив: | Период: ( . . )-( . . ) |
| - Назив: | Период: ( . . )-( . . ) |
| - Назив: | Период: ( . . )-( . . ) |
| - Назив: | Период: ( . . )-( . . ) |

*(Се внесува називот на институцијата и периодот со форма **ДД,ММ,ГГГГ – ДД,ММ,ГГГГ**)*

- Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места **Професионален курс**

*(Се внесуваат другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места)*

- Компјутерски вештини **Microsoft Office, Интернет, Corel Draw**

*(Се набројуваат програмите што ги владее кандидатот)*

- Познавање странски јазици **Англиски јазик, Германски јазик**

*(Се набројуваат странските јазици со кои владее кандидатот)*

- Други податоци од интерес за работното место:

**Правосуден испит (датум), Постдипломски студии, Возачка дозвола, Сертификат за безбедност,**

*(Во овој дел се впишуваат други положени испити или добиени сертификати на кандидатот кои не се утврдени како посебен услов, а кои би можеле да бидат од интерес за работното место)*

5. **Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар. Доколку во пријавата се пополнети податоците за e-mail адреса или/и мобилен телефон се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail адреса или преку SMS порака на доставениот мобилен телефон.**

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

ДАТУМ НА ПРИЈАВУВАЊЕ ПОТПИС НА КАНДИДАТОТ

**ПРИЛОГ 2**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**

ПРИЈАВА
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВЕН СЛУЖБЕНИК (Интерен оглас)**

1. Податоци за огласот:
- Број на интерен оглас ______________________________
- Назив на органот ______________________________
- Реден број на работно место за кое се пријавува ______________________________

2. Податоци за кандидатот:
- Име ______________________________
- Презиме ______________________________
- Припадност на заедница ______________________________
- Датум на раѓање [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]
- Пол М Ж
- ЕМБГ [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]
- Адреса на живеење:
  - улица и број ______________________________
  - место ______________________________
- Контакт адреса:
  - улица и број ______________________________
  - место ______________________________
- Контакт телефон Мобилен: [ ] / [ ] Фиксен: [ ] / [ ]
- E-mail адреса [ ] @ [ ]

3. Податоци за исполнување на посебните услови:
- Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС IV VI VII/1 VII/2 VIII 180 240 300
- Научна област или вид на образование ______________________________
- Насока на завршено образование ______________________________
- Држава на завршување на степенот на образование______________________________
- Датум на дипломирање ______________________________
- Број на диплома ______________________________
- Назив на институцијата која ја издала дипломата ______________________________
- Просечна оценка за бараниот степен на образование______________________________

*Пополнуваат само кандидатите кои го завршиле своето образование во странство*
- ☐ Датум и број на документот за нострификација (за дипломи стекнати во странство) ______________________________
- ☐ Најниска преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство) ______________________________
- ☐ Највисока преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство) ______________________________

- Податоци за вкупно работно искуство во струката: _______години ________месеци

Назив на институција во која е стекнато работното искуство во струката

Период во кој е стекнато работното искуство во струката (**од ден, месец, година до ден, месец, година**):

- Назив:________________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив:________________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив:________________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив:________________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив:________________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)
- Назив:________________________ Период: (__.__.____)-(__.__.____)

- Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места ________________________
- Компјутерски вештини ________________________
- Познавање странски јазици ________________________
- Други податоци од интерес за работното место:

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

4. Податоци за оценувањето на државниот службеник во последната година пред објавување на интерниот оглас

| | Период за којшто е оценет: | Нумеричка оценка/ Дескриптивна оценка |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |

5. Податоци за времето кое државниот службеник го поминал во непосредно пониско звање пред објавувањето на интерниот оглас:

________________________________________________

6. Податоци за изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавување на интерниот оглас:

________________________________________________

7. Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар. Доколку во пријавата се пополнети податоците за e-mail адреса или/и мобилен телефон се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail адреса или преку SMS порака на доставениот мобилен телефон.

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

ДАТУМ НА ПРИЈАВУВАЊЕ ____________________

ПОТПИС НА КАНДИДАТОТ ____________________

**ПРИЛОГ 2**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**

***Упатство за пополнување на пријавата за вработување на државен службеник (интерен оглас)***

1. Податоци за огласот:
- Број на интерен оглас **03/2013**
  *(Се впишува бројот на огласот)*
- Назив на органот **Министерство за култура**
  *(Се впишува целосниот назив на органот за кој се објавува огласот)*
- Реден број на работно место за кое се пријавува
  **2, 4, 5**
  *(Се впишува редниот број на местото(а) според огласот за кое(и) конкурира кандидатот)*

2. Податоци за кандидатот:
*(Во овој дел се впишуваат податоци од **лична карта** до делот контакт адреса)*
- Име **Маја**
- Презиме **Петковска**
- Припадност на заедница **Македонец(ка)**
- Датум на раѓање ☐☐☐☐☐☐☐☐
  *(Датумот на раѓање се впишува со форма **дд,мм,гггг**)*
- Пол М (Ж)
  *(Се заокружува полот на кандидатот)*
- ЕМБГ ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
  *(Во полињата се впишува единствениот матичен број)*
- Адреса на живеење
  - улица и број Бул. Христо Батанџиев бр. 15–2/25
  - место **Скопје**
- Контакт адреса *(Адреса на којашто ќе се испраќаат известувањата)*
  - улица и број Ул. Димо Наредниковбр. 28/5
  - место **Прилеп**
- Контакт телефон Мобилен: **079** / **350-387** Фиксен: **02** / **4028-659**
- E-mail адреса **imeprezime** @ **ymail.com**

3. Податоци за исполнување на посебните услови:
- Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС IV VI (VII/1) VII/2 VIII 180 240 300
  *(Се заокружува завршениот степен на образование)*
- Научна област или вид на образование **Хуманистички науки или Филолошки факултет**
  *(Се впишува научната област и институцијата каде што е завршено образованието)*
- Насока на завршено образование **Преведување и толкување - Англиски јазик**
  *(Се впишува насоката на којашто завршил кандидатот)*
- Држава на завршување на степенот на образование **Македонија**
  *(Се впишува државата каде кандидатот го завршил образованието)*
- Датум на дипломирање **12.04.2001**
  *(Се впишува датумот од дипломата/уверението за завршено образование)*
- Број на диплома **ФлФ 356/2001**
  *(Се впишува бројот од дипломата/уверението за завршено образование)*
- Назив на институцијата која ја издала дипломата
  **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
  *(Се впишува називот на институцијата која ја издала дипломата/уверението за завршено образование)*
- Просечна оценка за бараниот степен на образование 7,69

*(Се впишува просекот со две децимали (XX,УУ); доколку кандидатот завршил во друга држава го внесува просекот од државата каде што завршил)*

*Пополнуваат само кандидатите кои го завршиле своето образование во странство:*

- Датум и број на документот за нострификација (за дипломи стекнати во странство)
  **15.09.2004 Т-12345-12345**
- Најниска преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство)
  **2**
- Највисока преодна оценка (за кандидатите кои го завршиле образованието во странство)
  **6**

*(На пример Р. Бугарија најниска преодна е 2, а највисока преодна е 6)*

- Податоци за вкупно работно искуство во струката: *(Се внесува вкупното работно искуство во струката)*

**7** години **1** месеци

| Назив на институција во која е стекнато работното искуство во струката | Период во кој е стекнато работното искуство во струката (**од ден, месец, година - ден, месец, година**): |
|---|---|
| Назив: ЈОУДГ „Гоце Делчев“ | Период: (01.02.2006)-(31.05.2008) |
| Назив: ЈОУДГ „8-ми Март“ | Период: (01.06.2008)-(31.03.2013) |
| Назив: | Период: ( . . )-( . . ) |
| Назив: | Период: ( . . )-( . . ) |
| Назив: | Период: ( . . )-( . . ) |
| Назив: | Период: ( . . )-( . . ) |

*(Се внесува називот на институцијата и периодот со форма **ДД,ММ,ГГГГ – ДД,ММ,ГГГГ**)*

- Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места **Професионален курс**
  *(Се внесуваат другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места)*
- Компјутерски вештини **Microsoft Office, Интернет, Corel Draw**
  *(Се набројуваат програмите што ги владее кандидатот)*
- Познавање странски јазици **Англиски јазик, Германски јазик**
  *(Се набројуваат странските јазици со кои владее кандидатот)*
- Други податоци од интерес за работното место:
  **Правосуден испит (датум), Постдипломски студии, Возачка дозвола, Сертификат за безбедност,**

*(Во овој дел се впишуваат други положени испити или добиени сертификати на кандидатот кои не се утврдени како посебен услов, а кои би можеле да бидат од интерес за работното место)*

4. **Податоци за оценувањето на државниот службеник во последната година пред објавување на интерниот оглас**

| | Период за којшто е оценет: | Нумеричка оценка/ Дескриптивна оценка |
|---|---|---|
| 1. | **01.07.2011 – 31.12.2011** | **3,65 Се истакнува** |
| 2. | **01.01.2012 – 30.06.2012** | **3,51 Се истакнува** |

*(Во овој дел се внесуваат оценките од последните две оценувања)*

5. **Податоци за времето кое државниот службеник го поминал во непосредно пониско звање пред објавувањето на интерниот оглас:**
   **Помлад соработник 01.01.2011 – 31.12.2012 година**

*(Во овој дел се впишува непосредно пониското звањето на државниот службеник и периодот во кој бил во истото)*

6. Податоци за изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавување на интерниот оглас:

**Нема**

*(Во овој дел се впишува дали на државниот службеник му била изречена дисциплинска мерка)*

7. Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар. Доколку во пријавата се пополнети податоците за e-mail адреса или/и мобилен телефон се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail адреса или преку SMS порака на доставениот мобилен телефон.

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

ДАТУМ НА ПРИЈАВУВАЊЕ

______________________

ПОТПИС НА КАНДИДАТОТ

______________________